**ИЗВЕШТАЈ ОД ПРИДОНЕСОТ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ПРЕКУ ЧЛЕНОВИТЕ ВО СЕКТОРСКАТА РАБОТНАТА ГРУПА ЗА РЈА ЗА ТРЕТИОТ ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКЦИСКИ ПЛАН (2018 -2022) НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЈА (ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2020)**

Стратегијата за реформа на јавната администрација (СРЈА) предвидува процес на следење и известување според кој Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) подготвува полугодишни и годишни извештаи за степенот на реализација на Акцискиот план и постигнувањето на планираните цели и резултати, кои се доставуваат на секои шест месеци до Секретаријатот за реформа на јавната администрација (Секретаријатот за РЈА) и Советот за реформа на јавната администрација (Советот за РЈА).

Заради обезбедување на транспарентност во овој процес, СРЈА предвидува извештаите да се објавуваат на веб страната на МИОА, а по објавувањето и пред нивното разгледување на седниците на Секретаријатот за РЈА и Советот за РЈА, да се спроведат консултации и јавни расправи со претставници на граѓанските организации и сите засегнати страни. Во фокусот на третиот полугодишен извештај е **спроведувањето на активностите од Акцискиот план на СРЈА за периодот јануари – јуни 2020 година.** Едновремено, полугодишниот извештај дава слика за тоа во кои области напредокот е задоволителен или незадоволителен, кои се причините за незадоволителните резултати и кои чекори треба да се преземат за да се подобри ефикасноста.

Со оглед на погоре наведеното, МИОА на својата веб страна[1] на почетокот на месец февруари 2021 година го објави Третиот полугодишен извештај за реализација на Стратегијата за РЈА за периодот јануари – јуни 2020 година. Заради обезбедување на транспарентност во овој процес, нацрт третиот полугодишен извештај на 11 февруари 2021 година беше проследен до граѓанските организации преку е-маил на членовите на Секторската работната група за РЈА[i], со повик за придонес, односно коментари, прашања и забелешки. Рокот за доставување на забелешките на е-маил адресата srja@mioa.gov.mk беше до 19.02.2021 година.

Придонес беше добиен од две организации, Фондацијата Отворено Општество Македонија и Центарот за управување со промени. По нивните забелешки и коментари беше постапено и истите со вклучени образложенија се наведени подолу.

| РБ | Организација подносител на забелешка | Забелешка/коментар | Надлежна институција | Образложение |
|---|---|---|---|---|

[1] https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/2103

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Фондација Отворено Општество Македонија (ФООМ) | Дали може да очекуваме проактивна транспарентност од страна на МИОА, односно дали ќе продолжите со позитивната пракса да го ажурирате делот на веб страната на МИОА, кој е наменет за анализи кои произлегуваат од СРЈА и Акцискиот план односно подготвените, а необјавени анализи кои произлегуваат од Стратегијата за РЈА | МИОА | МИОА и во иднина ќе продолжи со проактивна транспарентност и воспоставената позитивна пракса да го ажурира делот на веб страната на МИОА, кој е наменет за анализи кои произлегуваат од СРЈА и Акцискиот план. |
| 2. | Фондација Отворено Општество Македонија (ФООМ) | Анализата на имплементација на регулативата која ги уредува интегритет и етика | Министерство за правда и ДКСК | Анализата е подготвена, но во рамките на тековниот ИПА 2 проект кој што се спроведува во ДКСК, оваа анализа се дополни и доработи.<br>линк<br>https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/02/Pro-TRACCO-%D0%9A%D0%BE%D0%BD%D1%86%D0%B5%D0%BF%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D0%B8%D0%BD%D1%82%D0%B5%D0%B3%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%82.pdf |
| 3. | Фондација Отворено Општество Македонија (ФООМ) | Анализа на примена на Кодексот за државни службеници; | МИОА | Анализата е објавена на веб страната на МИОА на 25.02.2021.<br>https://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/rja/analiza_za_sproveduvanje_na_kodeksot_za_administrativni_sluzhbenici.pdf |
| 4. | Фондација Отворено Општество Македонија (ФООМ) | Компаративен извештај за статусот и линиите на отчетност на регулаторните тела во земјите-членки на ЕУ | МИОА | Со проектот „Поддршка на државната реорганизација“ се продуцирани неколку документи (анализи и извештаи). Согласно Terms of reference, документите продуцирани со овој ИПА проект се во сопственост на Делегација на ЕУ, и без претходна добиена согласност од нивна страна истите не можат да се споделат. Воедно, Ве известуме дека од страна на МИОА е доставено барањето до ДЕУ за одобрување за објавување на извештаите и анализите кои се продуцирани со овој проект. |
| 5. | | Извештаите за земјите со најдобри практики на ЕУ за организација на | МИОА | Со проектот „Поддршка на државната реорганизација“ се продуцирани неколку документи (анализи и извештаи). Согласно Terms of reference, документите продуцирани со овој |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | јавната администрација (Латвија , Финска и Чешка) | | ИПА Проект се во сопственост на Делегација на ЕУ, и без претходна добиена согласност од нивна страна истите не можат да се споделат. Воедно, Ве известуваме дека од страна на МИОА е доставено барањето до ДЕУ за одобрување за објавување на извештаите и анализите кои се продуцирани со овој проект. |
| 6. | | Извештаи за спроведени функционални анализи од 37 органи на државна управа | | Извештаите од спроведени функционални анализи на органи на државната управа, институциите ги доставија до МИОА, согласно „А.3.2.1.2. Спроведување на внатрешни функционални анализи во органите на државната управа, агенциите, и инспекциските служби од централна власт согласно утврдената Методологија што ќе ги опфати внатрешните процеси и практики при управувањето, линиите на одговорност, анализа на работните места, нивото на пополнетост и профилот на вработените, како и методите на следење и известување“ од посебната цел „Воспоставени ефективни и ефикасни механизми кои обезбедуваат отчетност во органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централна власт“, за постигнување на Општата цел - Одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите.<br>Вертикалните функционални анализи се изработени од страна на институциите и истите можат да бидат објавени од страна на институцијата.<br>Функционалната анализа на МИОА е објавена на следниот линк<br>https://mioa.gov.mk/?q=mk/node/64<br>https://mioa.gov.mk/?q=mk/node/1269 |
| 7. | | Акциски план за реорганизација/оптимизација на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт | | Во приоритетната област 3: Одговорност, отчетност и транспарентност од Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018-2022) со Акциски План (АП), предвидени се две мерки за остварување на првата посебна цел – „Развиена кохерентна институционална поставеност на органите на државната управа, агенциите и инспекциските |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | служби од централната власт со јасно утврдени структури на отчетност и тоа“:<br>- мапирање на институциите во Република Македонија; и<br>- реорганизација/оптимизација на органите на државна управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт.<br>Во рамките на проектот „Поддршка на Министерството за информатичко општество и администрација за функционална реформа“ со поддршка УНДП, изготвен е „Извештај за резултатите од мапирањето на институциите на јавниот сектор со препораки за започнување на процесот на реорганизација/оптимизација на органите на државна управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт“.<br>На извештајот му претходеше Анализа на регулативата, која покажа дека 62 органи се регулирани со Законот за организација и работа на органите на државната управа додека 66 со посебни закони. Наодите потврдија дека регулативата која се однесува на статусот, организацијата и функционирањето на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби на централната власт е фрагментирана, сложена, нејасна и предмет на чести измени и дополнувања. Тоа доведува до неконзистентно остварување на функциите на овие државни органи, неефикасност во трошењето на јавните средства и не секогаш навремени и квалитетни услуги кон граѓаните и бизнисите. Во рамки на проектот, беше спроведено и мапирање на институциите на јавниот сектор, врз основа на што се дадени препораки кои треба да придонесат за подобрување на сегашната состојба, а утврдени се и предизвиците, ризиците и можностите кои може да произлезат од процесот на реорганизација на органите.<br>Дополнително, во рамки на проектот на УСАИД за модернизација на инспекциските служби, од страна на Центарот за развојни политики ИДЕАС ДеПо беше спроведена и хоризонтална функционална анализа на инспекциските служби. Целта на спроведената функционална анализа беше да се оцени поставеноста на инспекциските служби во системот на државно уредување, нивната меѓусебна поврзаност, внатрешната организација и систематизација на работни места, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | интерните работни процеси, располагањето и користењето на опрема и средства за работа и слично. Извештајот од анализата содржи наоди и препораки за подобрување (оптимизација) на институционалните капацитети, ефикасноста и ефективноста во работењето на инспекциските служби. Овие наоди и препораки ќе бидат земени предвид при спроведувањето на анализата на организациската поставеност, надлежности и линии на отчетност на органите на државната управа и агенциите.<br>Со оглед на огромното значење како и импликациите кои ќе ги има процесот на воспоставување на развиена кохерентна институционална поставеност на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт, како и со цел истиот да биде координиран и инклузивен, со целосна вклученост на засегнатите субјекти, Министерството за информатичко општество и администрација подготви Акциски план за реорганизација/оптимизација на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт, кој е составен дел на оваа информација во октомври 2018 година. Од ноември 2018 година се започна со реализирање на активности од овој акциски план. Во ноември 2019 се започна со ИПА 2019 Support to state reorganization, со кој се продолжи да се реализираат активностите од овој план, кои беа доработени и проширени. Поради фактот дека истиот веќе не се употребува истиот не е објавен за да се избегне дополнителна конфузија. |
| 8. | | Анализа на можностите за создавање на Академија за стручно усовршување на административни службеници | МИОА | Објавена е на веб страната на МИОА.<br>Линк:<br>https://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/rja/analiza_za_akademija_za_strucno_usovrsuvanje_09.pdf |
| 9. | | Споредбена анализа за системот на плати во јавната администрација и јавниот сектор во Австрија, Словенија и Шведска | МТСП | Објавена на веб страната на МИОА.<br>Линк:<br>https://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/rja/komparativna-analiza-na-sistemot-na-plati.pdf |
| 10. | Центар за управување | Матрицата за реализација на СРЈА содржи рокови кои се поминати иако активностите не се реализирани, | | Прифатена е забелешката, во процес е утврдување на нови рокови на активности кои се во матрицата обележани со црвено односно се доцни со реализација. Едновремено, матрицата на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | со промени (ЦУП) | односно нема нови предвидени рокови по кои може да се следи реализацијата. Има статуси кои се ставени претходните години и по нив нема ажурирани/ дополнети информации | МИОА | годишниот извештај за 2020 година, ќе биде ажурирана со нови рокови за активностите за кои се доцни со реализација. |
| 11. | Центар за управување со промени (ЦУП) | Во извештајот и матрицата има информации за подготвени документи, но тие не се јавно достапни и ние не можеме да оцениме дали навистина ја исполнуваат планираната цел или не. На пример направената хоризонтална функционална анализа со наоди и препораки, извештаи за најдобри примери и практики во ЕУ за реорганизација на ОДУ. Апелираме да се објавуваат што повеќе податоци и документи јавно, преку кои ќе може да се оцени целисходноста на мерките, а извештаите да не содржат само декларативни фрази. | МИОА - ИПА проект: Поддршка на државна реорганизација | Со проектот „Поддршка на државната реорганизација“ се продуцирани неколку документи(анализи и извештаи). Согласно Terms of reference, документите продуцирани со овој ИПА Проект се во сопственост на Делегација на ЕУ, и без претходна добиена согласност од нивна страна истите не можат да се споделат. Воедно, Ве известуваме дека од страна на МИОА е доставено барањето до ДЕУ за одобрување за објавување на извештаите и анализите кои се продуцирани со овој проект. |
| 12. | Центар за управување со промени (ЦУП) | Во приоритетна област 2 Јавна служба и управување со човечки ресурси единствената информација е дека Законот за висока раководна служба не поминал во Собранието на РСМ. Нема информација дали потоа законот се менувал, доработувал, дали работната група го подготвува и најважно кога се планира да се усвои. | | Имајќи ја во предвид меѓусебната поврзаност на Законот за административни службеници (ЗАС), Законот за вработените во јавениот сектор (ЗВЈС) и Законот за висока раководна служба (ЗВРС), и потребата на нивното меѓусебно усогласување, за опфатот на високите раководители и на раководителите кои се во опфатот на ЗАС, министерството во ноември 2020 го повлече Предлог Законот за висока раководна служба на доработка и усогласување со новите ЗАС и ЗВЈС. Согласно ГП за работа на ВРСМ истиот треба да биде утврден од страна на ВРСМ во март 2021 година. |
| 13. | Центар за управување со промени (ЦУП) | Во приоритетна област 3 Одговорност, отчетност и транспарентност се вели дека се подготвени 4 верзии на ЗОРОДУ. Тие не се јавно објавени ниту презентирани. | МИОА - ИПА проект Поддршка на државна реорганизација | Со проектот „Поддршка на државната реорганизација“ се продуцирани неколку документи. Согласно Terms of reference, документите продуцирани со овој ИПА Проект се во сопственост на Делегација на ЕУ, и без претходна добиена согласност од нивна страна истите не можат да се споделат. МИОА е во процес на формирање на работна група со претставници од засегнати страни, вклучувајќи и претставници |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | од граѓанскиот сектор, кои во транспарентен и инклузивен процес ќе работат на изработка на новиот системски закон, кој ќе биде јавно објавен на ЕНЕР, ќе бидат организирани и јавни расправи за истиот имајќи го во предвид значењето на самиот закон кое се носи со 2/3 мнозинство на гласови. Согласно ГП за работа на ВРСМ, истиот ќе биде утврден од страна на ВРСМ во јуни година. |
| 14 | | Во приоритетна област 4 Давање услуги и ИКТ поддршка на администрацијата се вели дека „континуирано се приклучуваат нови институции на платформата за интероперабилност, а има и постојано зголемување на бројот на трансакции на приклучените институции. Освен институции, за прв пат на платформата се приклучуваат и приватни правни лица.“ Овој текст не дава податоци за бројот на ново приклучени институции, на трансакции или на приватни правни лица, односно не може да се оцени дали мерките реално смениле нешто. | | Евиденцијата за бројот на ново приклучени институции, како и колку од нив се правни лица не може да се извади автоматски од платформата за интероперабилност, тоа се прави рачно. Но овие податоци ги вадиме на годишно ниво, и ќе бидат содржани во годишниот извештај за имплементација на Стратегијата за РЈА за 2020 година, како и бројот на трансакции за 2020 година.<br>Бидејќи целта на полугодишниот Извештај е да ни даде приказ дали активностите се реализираат во предвидената временска рамка, а додека со Годишниот извештај согласно индикаторите се прави мерење на резултатите односно дали со реализација на мерките сме смениле нешто т.е го мериме напредокот. |

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КООРДИНАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЈА**